РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
AVOKATI I POPULLIT
НПР Бр./Nr. 1536/1
07.03 2023
Скопје Shkup

Република Македонија
НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ
Republika e Maqedonisë
AVOKATI I POPULLIT
Republic of Macedonia
OMBUDSMAN

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 09-214/1
08-03-2023
СКОПЈЕ - SHKUP

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

Склучен меѓу:

1. **Народниот правобранител на Република Северна Македонија**, ул. „Македонија" бр.19 (во натамошниот текст: Народен правобранител) претставуван од Народниот правобранител Naser Ziberi, како прва страна потписник, и

2. **Комисијата за спречување и заштита од дискриминација**, ул. Даме Груев бр.1, Скопје, претставувана од претседателот Исмаил Камбери, како втора страна потписник.

Страните во натамошниот текст заедно наречени Потписници.

## Општи одредби

### Член 1

Со овој Меморандум за соработка се уредува начинот на соработка меѓу Народниот правобранител и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, координацијата и имплементацијата на заеднички договорените активности, заради претходно утврдена цел - унапредување на соработката во делокругот на принципот на еднаквост и заштита од дискриминација.

## Делокруг на соработка

### Член 2

Потписниците на овој Меморандум за соработка се согласни да соработуваат во областа на еднаквоста и заштитата од дискриминација, во насока на остварување на човековите права и слободи, согласно надлежностите кои им се утврдени со Законот за Народниот правобранител и Законот за спречување и заштита од дискриминација.

## Облици на соработка

### Член 3

Оваа соработка опфаќа:

- Стручна соработка во областа на еднаквоста и заштитата од дискриминација;

- Заедничко преземање едукативни активности и соодветни истражувања заради промоција на принципот на еднаквост и начелата на недискриминација;
- Одржување на редовни средби и состаноци заради подобрување на меѓуинституционалната соработка и координација;
- Соработка при организирање на јавни дебати, работилници, конференции и кампањи и други едукативно-промотивни настани, со цел подигање на свеста кај јавноста;
- Меѓусебна стручна соработка при постапување по претставки и конкретни случаи на дискриминација;
- Размена на достапни информации, мислења и препораки од областа на еднаквоста и заштитата од недискриминација;
- Останати активности од особен интерес на двете институции во насока на унапредување на принципот на еднаквост и заштита од дискриминација.

**Член 4**

Потписниците на овој Меморандум за соработка интензивно ќе соработуваат во насока на остварување на активностите предвидени во членовите 2 и 3 на овој Меморандум и ќе даваат насоки и упатства за унапредување на соработката, координацијата и заедничкото дејствување.

**Завршни одредби**

**Член 5**

Овој Меморандум ќе стапи на сила со датумот на неговото потпишување од страна на потписниците. Меморандумот има правна сила до неговото отповикување од било која од двете страни потписници.

**Член 6**

Секој од потписниците може да го откаже овој Меморандум за разбирање, преку писмено известување до другата страна во рок од три месеци.

**Член 7**

Овој Меморандум за соработка е сочинет во 4 (четири) идентични примероци, од кои по 2 (два) за секоја страна потписник.

**НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ,**

**Naser Ziberi**

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

**Претседател,**

**Исмаил Камбери**